Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 159

Февруари 2026 г.

цена 20 денари,

Мила Митрева Пандева, доцент на економскиот факултет при УГД



# Вештачката интелигенција и финансиите

Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

Авто сервис Рибата



## „Актива“ инвестираше 12 милиони евра, дел сопствени средства, дел од унгарскиот заем



## Тасим (Тасе) Мандак, половина век посветеност на угостителството и добрата скара

IN MEMORIAM

## Во чест и слава на д-р Коста Балабанов (1929-2026)



## МИРАКОВСКИ: На Универзитетот „Гоце Делчев“ генерално постои консензус дека е време за нова законска рамка

Иван Бојаџиски



# Младите, медиумите и новинарството кое опстојува 586 години

Во последните десеттина дена присуствував на две работилници посветени на младите, медиумите и новинарството. Организаторите се потрудија да воспостават една синергија помеѓу дваесеттина средношколци и студенти од регионот и група активни новинари од Штип и Кочани. Младите од искусните новинари да слушнат мислења за сегашноста но и за иднината на новинарството како професија која опстоила, верувале или не, цели 586 години!

Лично ми беше мошне пријатно во тој инспиративен амбиент зашто наспроти мене видов млади, убави, а во најголем дел и слушнав елоквентни средношколци и студенти кои, низ целата дебата, со низа прашања, се обидоа да дознаат нешто повеќе за професијата која, на некој начин, им станала привлечна и со која имале намера да се бават во текот на нивниот живот. А таа приказна од типот да ли се „исплати“, не само од материјален аспект денес и тука, во Македонија, млад човек да се бави со новинарство можеа да им ја раскажат само активни припадници на оваа професија.

Како најстар и со најдолг професионален стаж новинар, за време на работилницата, на младите накусо им ја раскажав приказната за постанокот на медиумите и појавата на новинарството низ историскиот развој на светската медиумска сцена. Овде сакам да повторам нешто и за Вас почитувани читатели на Штипски Глас зашто мој став е дека огромен дел од народот нема никакво познавање на оваа материја која, на еден посебен начин, направи светот меѓусебно да се поврзе, а информацијата да стане светост која го преобликува животот на нашата планета, главно во позитивна смисла.

Приказната гласи вака:

Во 1440 година, во германскиот град Мајнц, еден посветен иноватор, златарот Јоханес Гутенберг во својата мала иноваторска работилница ја измисли печатарската машина. Во тоа време пронајдокот беше како што денес е интернетот. Откако машината ги отпечати првите слова и во јавноста ја пушти првата информација во печатен облик, ништо во светот повеќе не беше исто. Информацијата за она што се случува во едно место се ширеше на сите четири страни од светот и на тој начин стануваше сопственост на поголем број жители на земјината топка.

Светот започна да се информира.

Но, медиумската сцена добива нова димензија во 1901 година кога Гуљелмо Маркони го пронаоѓа радиото што било можно благодарение на Никола Тесла кој десет години порано започнал истражување на безжични сигнали. Кога кон средината на дваесеттиот век радиото се пороширило во секој дом од нашиот свет, и дошло неговото златно доба, па многумина изјавувале дека времето на весниците завршило. Но, баш и не било така. Весниците останале, дури нивниот број значително се зголемил и тие продолжиле да имаат силно влијание на случувањата во светот. Се разбира дека радиото поради карактерот на своето функционирање информацијата можел да ја пренесе побргу, но весниците тоа го правеле поаналитички, поцелосно и посеопфатно. Значи, имало некоја синергија помеѓу двата медиума.

По радиото доаѓа телевизијата. Таа се појавила во 1936 година кога американската мрежа Ен-Би-Си за прв пат, од своето студио испратила слика и звук. Четиринаесет години подоцна се појавува ТВ во боја. Тогаш многумина помислиле дека времето на весниците и на радиото поминало, но историјата ни покажува дека тоа не се случува па денес ги имаме сите три медиуми и сите тие, на различен начин ја вршат својата функција.

Интернетот е четвртата медиумска инсталација која е создадена на 1 јануари 1983. Оваа алатка овозможи неверојатно поврзување на секоја точка од светот, создаде можност за појава на мноштво нови медиумски платформи како што се порталите кои само ја збогатија медиумската понуда. Сепак, иако се говореше дека интернетот ќе ги „убие“ сите до неговата појава познати медиуми, до тоа не дојде.

Зошто го пишувам ова? Затоа што младите луѓе заинтересирани да се бават со новинарската професија мора да знаат дека времето кое доаѓа е време кое им припаѓа само на нив, дека ако се намали интересот кај публиката за весниците, за радиото и (или) за телевизиите некои големи светски умови ќе измислат уште нови, за новото време соодветни медиуми во кои тие ќе можат да ја најдат својата иднина.

И затоа, на двете работилници на младите им порачав да не се откажуваат зашто новинарството е една преубава професија во која телентираните и посветените можат да го остварат својот животен сон.

## **Д-р Мила Митрева-Пандева**, доцент на економскиот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип

# Интеграцијата на вештачката интелигенција во финансиите е во почетна фаза но...



Д-р Мила Митрева Пандева е доцент на економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Со неа разговараме за вештачката интелигенција како една од најактуелните светски теми.

**Г-ѓа Митрева-Пандева, ако суштината на финансиите е обработка на информации – дали вештачката интелигенција е најголемата револуција во историјата на финансиите?**

-Одлично прашање. Анализирајќи го равојот на финансиите, секоја технолошка иновација има донесено промени, но за периодот во кој ние живееме, ВИ претставува вистински пресврт и се смета за фактор кој има големо влијание. Сепак, во сегашната фаза не може да тврдиме дека има направено целосно преобликување, туку претставува двигател за напредок и развој на постоечкиот систем. Несомнено, човечкиот фактор е сеуште пресуден во финансиското одлучување.

**Во што конкретно би можела да биде подобра вештачката интелигенција од човекот кога станува збор за инвестирање?**

Интеграцијата на ВИ во финансиите е во својата почетна фаза и можностите за поголем напредок се неограничени. Моментално во финансиите, ВИ е интегрирана во донесувањето финансиски одлуки, управувањето со инвестиции и оптимизација на портфолио, кредитно бодување и проценка на ризик, алгоритамско и високофреквентно тргување, детекција на измами и финансиска безбедност, намалување на човечка пристрасност и правење грешки. Алгоритмите базирани не ВИ споредбено со традиционалните анализи се многу поефикасни во процесот на предвидувања на движења на пазарот и финансиски ризици.

**Дали навистина алгоритмите можат подобро да предвидат или во моментот се преценети?**

-Вештачката интелигенција им помага на инвеститорите со подобрена прецизност да го структурираат своето портфолио, додека алгоритамските системи за тргување сега автономно ги извршуваат тргувања, со што се зголемува ликвидноста на пазарот и оперативната ефикасност. Иако алгоритмите може да анализираат огромни трансакции, најголемата предност е во брзината, детектирање измамнички трансакции, идентификување аномални шеми.

**Сметате ли дека со ВИ инвестирањето станува полесно достапно за младите кои немаат финансиско знаење?**

-Иако ВИ помага на младите полесно да ги разберат концептите како инвестирање, тргување, движењата на финансиските пазари и слично, сепак финансиската писменост и формалното финансиско знаење се клучни во процесот на носење разумни одлуки и одржливо инвестирање. Образованието често се смета за клуч за успех, што е особено важно во светот на инвестирање и тргување.

**Дали ВИ го намалува ризикот – или само ни дава чувство на лажна сигурност? Дали е реално студент од Македонија со 100 евра и паметна апликација да биде конкурентен на глобалниот пазар?**

-Луѓето сè повеќе користат ВИ во своето секојдневие, а како главен фактор на влијание е верувањето дека ќе добијат непристрасен, објективен одговор. Во финансиите, ВИ може да помогне во анализата на податоци и намалување на одредени ризици, но не може со сигурност да предвиди промени и движења во пазарите. Затоа може да заклучиме дека ВИ не го 100 проценти намалува ризикот, туку помага, со наше знаење во областа да можеме сами за расудуваме и да препознаеме. ВИ во оваа фаза не може да го замени формалното финансиско познавање, може да го надополни и да ни помогне поефикасно да работиме на финансиските пазари.

**Ако алгоритам ми го оптимизира портфолиото, дали јас воопшто треба да разбирам што правам?**

-Да, секако. Затоа што алгоритамот работи на основа на претпоставки базирани на минати податоци и кај алгоритамот нема психолошки момент. Алгоритам може да го оптимизира портфолиото но разбирање на основните концепти како диверзификација на портфолио, ризик и принос, пасивно, активно инвестирање, инфлација, ликвидност, се многу важни, бидејќи тие се почетната точка во остварувањето на инвестициските цели.

**Да кажете нешто и за опасностите и ризиците кои може да ги носи инвестирањето воопшто...**

-Ако порано (а и денес) беше потребен брокер за да помогне во инвестирање на берза, во денешно време вештачката интелигенција нуди илузија на сигурност преку брзиот пристап до бараните информации.Недоволното разбирање може да доведе до имплусивни, непромислени реакции кои може да имаат негативен ефект врз остварувањето на очекуваните резултати.

**Игор Стојанов**

# МИРАКОВСКИ: На Универзитетот „Гоце Делчев“ генерално постои консензус дека е време за нова законска рамка

Во рамките на македонската акдемска заедница се води широка дебата по однос на предлог законот за високото образование. Министерката за образование проф.д-р Весна Јаневска на некои од дебатите потенцира дека предлог законот нуди меритократија, интернационализација и мотивација за соработка, која недостига кај академскиот кадар, вклучително и научноистражувачка работа, која е неделива од образовната. Таа смета дека предлог-законот има можност за доработка, односно некои одредби ќе се променат по сугестиите на академската заедница.

Таква дебата која траеше три часа се одржа и на Универзитетот „Гоце Делчев“. За ставот на нашиот универзитет по однос на предлог законот разговараме со ректорот, проф.д-р Дејан Мираковски.

**Г-дин Мираковски каков е ставот на Универзитетот „Гоце Делчев“ по однос на предлог законот за високото образование, односно што покажа дебатата по ова прашање?**

-Мора да истакнам дека во нашата академска заедница, генерално постои консензус дека е време за нова законска рамка во високото образование. Универзитетите денес функционираат во многу поинаква средина отколку пред десетина години – со силна меѓународна соработка, со нови форми на настава и со многу поголем фокус на истражувањето. Затоа е важно законот да создаде стабилна рамка која ќе овозможи развој на наставата, науката и интернационалната соработка, а притоа да ја зачува автономијата на универзитетите.



Аџипетров, Јаневска, Мираковски, Јорданов, Лазаров



проф.д-р Дејан Мираковски

Универзитетот „Гоце Делчев“ активно учествуваше во јавната расправа и достави свои коментари и предлози. Дел од нив беа разгледани во разговорите со Министерството за образование и наука и со министерката проф. д-р Весна Јаневска, со која имаше навистина отворена дискусија за сите аспекти од законот. Токму овој пристап и изразената подготвеност дел од забелешките на универзитетите да се земат предвид во следната верзија на текстот, беше многу позитивно оценето од страна на колегите, бидејќи навистина е важно е ваквите закони да се носат низ дијалог со академската заедница.

**Кои се клучните забелешки на УГД?**

Во рамки на работните групи, како и во рамки на јавната расправа беа дискутирани речиси сите аспекти кои законот ги уредува, почнувајќи од академската слобода и автономијата, до начинот на вреднување на научните резултати. Во тие дискусии навистина беа дадени предлози кои можат значително да го подобрат законот. На пример, беа пренесени предлози за поинаква структура на советите на универзитетите, кои ќе ја задржат функционалноста на овие органи, но и ќе ја заштитат институционалната автономија. Во врска со начинот на вреднување на резултатите, беше предложено да се признаваат двете најшироко користени меѓународни научни бази – Web of Science и Scopus, како практика која се користи во голем број европски земји и овозможува порамномерно вреднување на научната работа во различни научни области.

Кај нас, како помлад универзитет, посебен фокус беше ставен на поставувањето на квантитативните показатели, бидејќи сметаме дека при нивното дефинирање треба да се води сметка и за големината на

институциите. Ако се користат само апсолутни бројки, поголемите универзитети секогаш ќе имаат предност. Затоа предложивме индикатори кои ја мерат продуктивноста релативно – на пример по наставник или истражувач.

**Колку е важна интернационализацијата за развојот на УГД?**

Интернационализацијата е една од областите на кои во последните години работиме многу интензивно. Членството во европската универзитетска алијанса



Од дебатата на УГД

ACE$^2$-EU Alliance ни отвори сосема ново ниво на соработка со партнерските универзитети. Денес има многу повеќе мобилности на студенти и професори, многу повеќе директна академска комуникација и нови идеи за заеднички активности.

Во рамките на алијансата веќе се работи и на **заеднички студиски програми и програми со двојни дипломи**, што е многу важен чекор за интеграција во европскиот образовен простор.

Оваа соработката веќе дава многу конкретни резултати. Во последната година значително се зголеми не само бројот, туку и квалитетот на проектите со кои Универзитетот „Гоце Делчев“ аплицира пред европските институции. Кога работите во конзорциум со универзитети од различни земји, природно се создаваат посилни и поамбициозни проектни идеи. Тоа веќе се гледа и во нашите апликации и во бројот на иницијативи кои ги развиваме со партнерите.

**Интересена, секако е и прашањето како се покажуваат студентите и професорите на УГД во таа соработка?**

Навистина сум горд на нашите професори и студенти. Со своето учество покажаа дека не сме само рамноправни партнери, туку партнери кои носат квалитет. Особено се истакнуваат студентите. Нивната подготвеност, знаење и отвореност за соработка оставаат многу добар впечаток кај партнерските универзитети. Тие се гордост не само за Универзитетот „Гоце Делчев“, туку и за целата држава.

**Што следува во рамките на алијансата?**

Во моментов се работи на формирање заедничко правно лице на алијансата, кое ќе ги обедини деветте универзитети и ќе биде регистрирано во Брисел. Тоа ќе овозможи уште поинтензивна соработка и развој на заеднички програми. Последната недела од март Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ќе биде домаќин на голем состанок на алијансата. Очекуваме повеќе од 100 професори и студенти, како и ректорите на сите девет универзитети партнери. Во истата недела ќе го одбележиме и Денот на формирањето на Универзитетот со повеќе настани и свечена академија.

*ГОРДОСТ: Навистина сум горд на нашите професори и студенти. Со своето учество покажаа дека не сме само рамноправни партнери, туку партнери кои носат квалитет. Особено се истакнуваат студентите. Нивната подготвеност, знаење и отвореност за соработка оставаат многу добар впечаток кај партнерските универзитети. Тие се гордост не само за Универзитетот „Гоце Делчев“, туку и за целата држава.*

*ИНТЕНЗИВНОСТ: Интернационализацијата е една од областите на кои во последните години работиме многу интензивно. Членството во европската универзитетска алијанса ACE$^2$-EU Alliance ни отвори сосема ново ниво на соработка со партнерските универзитети. Денес има многу повеќе мобилности на студенти и професори, многу повеќе директна академска комуникација и нови идеи за заеднички активности.*

# „Актива“ инвестираше 12 милиони евра, дел сопствени средства, дел од унгарскиот заем

**Премиерот Христијан Мицковски при посетата на „Актива“ го искажа своето воодушевување од виденото во погоните на компанијата**



*Зоран Илиевски*

Премиерот Христијан Мицковски во придружба на градоначалникот на Штип Иван Јорданов беше во посета на „Актива“ дооел при што ги посети производните погони на компанијата и од нејзиното раководство доби важни информации за тековното работење, инвестициите како и за плановите за идниот развој. Оваа штипска компанија има 580 вработени што е од посебна важност за социјалната сигурност на нивните семејства но и за локалната штипска но и национална економија.

Поводот за посета на премиерот беше тоа што „Актива“ искористи дел од средствата од унгарскиот заем, кои ги инвестираше во нов производствен капацитет. Главниот оперативен директор на „Актива“,

-Се работи за инвестиција од 12 милиони евра од кои дел се од средствата кои ги добивме од унгарскиот заем овозможен од Владата, а дел сопствени средства на „Актива“. Оваа инвестиција овозможи компанијата да се етаблира на пазарот со сопствен финален производ и производ со додадена вредност. Сето овозможи зголемување на сопствениот извоз, за што говорат и бројките. Имено, токму бројките покажуваат дека оваа инвестиција која се реализира во 2025 година овозможи да оствариме за 300 проценти поголем извоз на нашите производи кои ги пласираме не само на Европскиот, туку и на пазарите на Блискиот Исток и Африка. Така да со оваа инвестиција „Актива“ направи значаен исчекор напред, рече оперативниот директор Зоран Илиевски.

Премиерот Мицкоски го искажа своето задоволство од виденото во погоните на „Актива“ и го посочи задоволството што како Влада учествувале овој производен капацитет да добие поинаква физиономија.

-Сопствениците на Актива Штип, користејќи го овој заем за кој зборувавме во минатото, вложија во нови производни капацитети кои имаат голема додадена вредност како во локалната штипска така и во македонската економија. Од тоа што можев да го видам, но низ поинаква оптика, како машински инженер, можам да кажам дека сум мошне пријатно изненаден, дури и воодушевен од тоа што го видов во погоните на компанијата, посебно од роботите и роботските линии кои паралелно работат, произведуваат, додаваат вредности и сето тоа има исклучително значење за Македонија како држава, за нас како Влада, но и за локалната економија која остварува приходи од сето ова кое што денеска се создава во производните капацитети на „Актива“- Штип, посочи премиерот Мицкоски.

***МИЦКОВСКИ: Од тоа што можев да го видам, но низ поинаква оптика, како машински инженер, можам да кажам дека сум мошне пријатно изненаден, дури и воодушевен од тоа што го видов во погоните на компанијата...***

Премиерот Мицкоски истакна дека како Влада ќе сторат се што е потребно македонските компании да добијат услови коишто ќе им овозможат да се развиваат, а со тоа и да ја развиваат македонската економија.

***ИЛИЕВСКИ: Се работи за инвестиција од 12 милиони евра од кои дел се од средствата кои ги добивме од унгарскиот заем овозможен од Владата, а дел сопствени средства на „Актива“. Оваа инвестиција овозможи компанијата да се етаблира на пазарот со сопствен финален производ и производ со додадена вредност***

-Тоа е наш приоритет, така се однесувавме до сега, така и ќе се однесуваме и од сега. Овој навидум на почетоците мал семеен бизнис, денеска прераснува во гигант за македонски услови и уште еднаш еве моите комплименти за ова што успеав денеска да го видам. Мислам дека се повеќе од 45.000 квадрати под покрив, со, би рекол, една софистицирана напредна технологија- изјави Мицкоски.

# На универзитетот „Гоце Делчев“ ќе се основа Иновациски центар

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Стопанска комора на Северна Македонија и Општина Штип овој месец потпишаа иницијатива за основање на Иновациски центар во Штип, чија цел е да се поттикне претприемништвото кај младите и да се овозможи развој на нови бизниси со поддршка од универзитетот, локалната самоуправа и бизнис-заедницата.

Ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски, истакна дека станува збор за заеднички напор на сите релевантни чинители во регионот.

„Овој иновациски центар е заеднички напор да реалниот сектор, стопанството локалната самоуправа и компаниите од овој регион заедно со универзитетот направат еден мост да можат нашите студенти, професори да ги развијат своите идеи до степен на комерцијализација, да допринесат за реално вработување на идните генерации, да допринесат реално за развој на стопанството во овој регион и реално да имаме подобри шанси за успех и од аспект на економијата но и од аспект на квалитетот на животот во источниот регион. Нашите студенти би можеле тука да прават бизниси кои што се компетитивни со било каде во светот.



***МИРАКОВСКИ: Овој иновациски центар е заеднички напор реалниот сектор, стопанството, компаниите и локалната самоуправа од овој регион заедно со универзитетот да направат еден мост за да можат нашите студенти и професори да ги развијат своите идеи до степен на комерцијализација...***

Таа идеја за мене е благородна и дискусијата навистина е излишна кога имате можност реалниот сектор заедно со локалната самоуправа и универзитетот, односно младите луѓе кои што се кај нас, им отвораме простор да се развијат како поединци, да направат поврзувања со реалната економија и да направат бизниси од кои ќе можат да живеат и тие и нивните идни вработени, со подобри услови за работа, повисоки плати и поголем развој“, изјави Мираковски.

Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, нагласи дека Штип и универзитетот се подготвени да партиципираат во процесот на трансформација на образованието во насока на потребите на бизнисот.

„Оваа соработка со општина Штип и со Државниот Универзитет лично сметам дека и општината и универзитетот се подготвени да партиципираат во тој процес најдобро од сите други општини и универзитети во државата. Одговорно можам да го потврдам со тоа што Универзитетот Гоце Делчев од Штип практично е првиот којшто ги следи сите активности за трансформација на образованието во поглед на потребите на бизнисот, рече Азески додаде:

***АЗЕСКИ: Оваа соработка со општина Штип и со Државниот Универзитет лично сметам дека и општината и универзитетот се подготвени да партиципираат во тој процес најдобро од сите други општини и универзитети во државата.***

… Она што Стопанската комора ќе го направи е да излеземе надвор од рамките на државата и со поддршка на економскиот инвестициски форум со седиште во Трст, во рамките на Европската унија, како продукт на планот на канцеларката Меркел за поддршка на Западен Балкан, како и со проектни активности финансирани од Европската унија, да овозможиме програми за општината и универзитетот кои со европски средства ќе придонесат за нивен развој“, истакна Азески.

# Штипските акцијаши ја одбележаа јубилејната 2025 година со многу настани



**Млади акцијаши**

Годината 2025 за акцијаштвото во Штип беше јубилејна. Се наврши точно половина век од почетокот на младинската работна акција „Плачковица 75" во која младината од тогашна Југославија го градеше патот од Штип до Плачковица. Штип како организатор го положи големиот испит, а дел од тогашните акцијаши пред осум години го формираа здружението „Патот на младоста" кон која се придружија дел од поранешните младинци-акцијаши но и нови, млади лица на кои заедничките активности од значење за нашата локална заедница пред се им се при срце.

Месецов членовите на „Патот на младоста" одржаа собрание на кое разговараа за активностите во јубилејната 2025 година. Претседателот Никола Кангалов рече дека сите активности кои членовите на „Патот на младоста" ги имале лани биле во функција на големиот јубилеј.

-Годината ја започнавме со учество на Собранието на здружението на акцијаши од Република Словенија каде, пред акцијашите на Словенија, Србија и Босна и Херцеговина ја промовиравме нашата програма за одбележување на јубилејот. По овој настан, на покана на нашите другари-акцијаши ветерани од Ниш присуствувавме на нивниот настан „Изложба на фотографии и обележја од младинската работна акција Ниш". Во Ниш, на овој настан беа десетмина наши членови при што со домаќините и гостите од други поранешни Ју републики разменивме идеи и мислења за наши заеднички идни активности, рече Кангалов.

По повод убавиот 50 годишен јубилеј здружението „Патот на младоста" минатата година, а по повод 1-ви април, Денот на младинските работни акции, организира акција за садење на дрворед од месноста Дузлак покрај патот кон урбаната заедница Баби.

-На двапати организиравме акција на садење зимзелени дрвца на просторот кај манастирот „Света Троица" од двете страни на патот кон населбата Баби. Садниците ни беа обезбедени од сопствениците на манастирот, а пошумувањето го извршија наши членови, посочи Никола Кангалов.

Но, штипските акцијаши не мируваа и дадоа свој придонес во разубавувањето на градот и неговата околина и преку други активности. Така тие продолжија со редовните активности на одржување на споменици и спомен обележјата од НОБ кај населбата „Македонка", на споменикот во чест на работникот кај поранешниот текстилен гигант „Македонка" и на споменикот кај Карбинци. Во овие активности повремено се вклучуваа и млади акцијаши што за нив беше подготовка за учество во работната акција „Нови Пазар 25".

Штипските акцијаши лани имаа посета и од седуммина свои колеги од Словенија. Тие посетија повеќе знаменитости во нашиот град и во рамките на општината покажувак+јќи евидентен интерес за развојот на Штип и работата на здружението „Патот на младоста". Притоа беа направени и договори за заеднички активности во текот на тековната 2026 година.

—Минатата година во летниот период наши активисти, петмина младинци и двајца ветерани беа дел од бригадата „Маќедонија" која проеше 32 акцијаши, а која бригада зеде учество на работната акција „Нови Пазар 25". Тоа беше акција која ги спои акцијашите ветерани и младите акцијаши од Македонија, Србија. Словенија, Хрватска, БИХ и Турција. Беше тоа едно прекрасно доживување, посебно за младите акцијаши кои се стекнаа со можност покрај работните активности да се запознаат со нови, а тие на овој настан ќе се сеќаваат преку признанијата е за – ударнички значки кои им беа доделени, вели Кангалов.

И на средбата на акцијаши од поранешна Југославија СОРАС – Белград „Патот на младоста" учествуваше со 30 учество свои членови. На оваа средба, според Кангалов, учествувале над 300 акцијаши од скоро секоја поранешна ЈУ република. Сепак...

Главниот настан се случи во месец август 2025 година. На одбележувањето на 50 годишнината од почетокот на МРА „Плачковица 75" учество зедоа 200 акцијаши од Македонија, Словенија и Србија. Штипските акцијаши како домаќини и организатори, беае презадоволни од фактот дека нивните гости покажаа голем респект и дадоа многу пофалби за одличната организација и за деновите на едно преубаво дружење.

Но, тука не застанаа активности на нашите акцијаш зашто тие беа учесници и на 40 годишнината од акцијата во Велес која традиционално се оргнизира на теренот на Општина Чашка. –„До крајот на ланската година учествувавме и во големата акција на пошумување кај селото Калапетровци заедно со уште 200 учес ници организирани од фирмата „ДМ" која овој настан го прави традиционално.

# „Гласови за еднаквост“ – млади Роми преку поезија, раскази и стрипови испраќаат порака против предрасудите, стереотипите и дискриминацијата



Ромската заедница со години се соочува со стереотипи, предрасуди и дискриминација, кои често претставуваат пречка за целосна социјална инклузија и еднаков пристап до можностите во општеството. Поради тоа, особено е важно младите да добијат простор да го изразат својот глас, своите идеи и креативност. Здружението Ромска асоцијација за еднакви права „Рота“-Штип во рамките на проектот „Гласови за еднаквост: Социјална инклузија на Ромите во локалната заедница“, кој е финансиран од страна на Француска амбасда во РСМ беа реализирани три работилници за креативно пишување и раскажување приказни, на кои учествуваа 36 ученици од средните учи- лишта во Штип: СОУ „Славчо Стојменски“, СОУ „Јане Сандански“, СОУ „Димитар Мирасчиев“ и ДСУ – РЦСОО „Коле Нехтенин“. Со овие учи-



лишта претходно е потпишан Меморандум за соработка, со што се овозможи активно учество на учениците во проектните активности.

За време на работилниците младите учесници имаа можност преку поезија, кратки раскази и стрипови да ги споделат своите приказни, размислувања и искуства поврзани со еднаквоста, културната разновидност и потребата од меѓусебна почит во општеството. Преку креативното изразување тие испратија силна порака дека уметноста и младинскиот активизам можат да придонесат во рушење на стереотипите и градење поинклузивна заедница.

Ментор на работилниците беше писателот Трајче Кацаров, кој преку интерактивна работа ги поттикна учениците да ја развиваат својата креативност и писмена изразност.

***За време на работилниците младите учесници имаа можност преку поезија, кратки раскази и стрипови да ги споделат своите приказни, размислувања и искуства поврзани со еднаквоста, културната разновидност и потребата од меѓусебна почит во општеството***

Создадените дела ќе бидат објавени на социјалните медиуми и во електронска публикација, со цел пошироката јавност да се запознае со талентот и гласот на младите, како и со важноста на социјалната инклузија и почитувањето на културната различност.

**Сабина Асанова, претседател на**
**Здружене Ромска асоцијација за еднакви права**
**„Рота“ - Штип**

## Вода во Отиња

Околу два месеци убава по количина и по квалитет вода тече низ коритото на реката Отиња. Оваа ретка глетка воодушевува голем број штипјани кои не се навикнати да ја гледат реката во вакво руво.

Водата во култната штипска река одново ги стави во фокусот на интересот ставовите на нашите сограѓани за тоа да ли реката има доволно вода за да наполни брана од (скромни) три милиони кубни метри вода, или влогот од околу седум милиони евра во изградбата на браната



која треба да биде готова идната година бил непотребен трошок.

Сепак, светски познати метеоролози тврдат дека поради климатските промени се почесто ќе имаме години со мноштво поројни дождови кои ќе носат големи води. И дека секоја земја која држи до својата иднина треба да направи се тие води да ги сочува во брани од било каков тип да се тие.

Според експерти од хидрогеолошкиот завод на Македонија браната Отиња ќе се полни без проблем во услови на просечно врнежливи години, какви што ги имаме денес. А испуштањето на биолошкиот минимум по речното корито што е законска обврска, гарантира Штип преку лето, во своето централно подрачје, наместо река со суво корито да има река со вода која ќе придонесува за намалување на пеколните штипски горештини.

# Тасим (Тасе) Мандак, половина век посветеност на угостителството и добрата скара

Моето вистинско име е Тасим Мандак, но луѓето најчесто ме знаат како Тасе. Потекнувам од селото Брод во областа Гора, место кое одамна е познато како расадник на добри угостители. Многу луѓе од таму работеле во ресторани и кафани низ поранешна Југославија и пошироко. Презимето Мандак во Штип е познато по угостителството, со текот на времето стана препознатливо и во спортот".

Вака, на почетокот од разговорот, ни се претстави популарниот Тасе, велемајсторот на убавата македонска кујна, поблиску вкусната скара. Зад него стои половина век работа во областа на гастрономијата, а ние со овој инспиративен и успешен во секоја смисла човек разговараме за неговата неверојатна посветеност на угостителството и за неговата тајна на добрата скара.

„Во Штип дојдов во 1982 година, првично на сезонска работа. Намерата ми беше да останам кратко, но животот си има свои патишта. Градот ме прифати, луѓето ме прифатија, а јас го прифатив Штип како свој дом. Така од привремен престој, Штип стана место каде што го поминав речиси целиот свој работен век и каде што го изградив и семејството", вели Тасим за Штипски Глас.



Првите работни искуства ги стекнува во Приштина, а потоа и во Скопје. Таму работи како келнер во познати скопски кафани, а подоцна и како готвач. Тоа за Тасим е време кога младите брзо учат занает и рано почнуваа да работат. Денес ќе каже дека тоа биле години кога мноегу се работело но и многу се учело.

„Можам слободно да кажам дека целиот мој живот го поминав во угостителството и никогаш сериозно не помислив да се занимавам со нешто друго. Ова беше и остана мојот животен пат, сè до пензионирањето. Занаетот најдобро се учи кога работиш со луѓе кои веќе се докажани мајстори. Додека работев во Скопје имав можност да учам од повеќе искусни угостители. Еден период работев и во познатата скопска ќебапчилница Дестан, која важи за вистинска школа за мајстори на скара. Од тие луѓе научив многу – не само за месото и скарата, туку и за дисциплината во работата и односот кон гостите. Но вистинското мајсторство доаѓа со годините. Колку повеќе работиш, толку повеќе го усовршуваш занаетот", коментира нашиот соговорник.



***Тасим со сопругата и внуците***

Тасим вели дека многу луѓе го прашуваат за тајната на одличниот ќебап, плескавица, колбас и додава дека вистината е дека нема само една работа што го прави вкусот.

„Тешко е да се каже дека постои само една тајна. Секако дека важен е квалитетот на месото. Важен е и начинот на подготовка – како се меле, како се меша, колку зачини се ставаат и во кој редослед. И самото печење на скарата има свои правила. Но, најважно од сè е посветеноста. Ако човек ја сака работата што ја прави, секој ден ќе се труди да биде подобар. Подготовката на смесата за скара не е само работа – тоа е нешто што треба да го правиш со чувство и со задоволство. Тоа, едноставно е љубов. И не е само еден фактор. Квалитетното месо е основата, но најважна е посветеноста. Подготовката на смесата треба да се доживува како задоволство, а не како товар. Кога со љубов го подготвуваш јадењето, му даваш дел од себе", ги појаснува Тасим работите.

Низ неговите раце во изминатите 50 години поминале тони и тони месо, но секој грам поминал со истата одговорност – купувачот да биде задоволен. –„Во угостителството не е доволно само да направиш добра храна. Треба и да го почитуваш човекот што ти влегува во дуќан. Кога го почитуваш човекот, тоа ти се враќа, мене навистина ми се врати, и поради тоа јас себеси се сметам за среќен и исполнет човек", порачува Тасим и додава дека успехот во занаетот не се мери само со пари, туку пред се со образот, а неговиот пристап отсекогаш бил еснафски, искрена комуникација со муштериите, почит кон пријателите и соседите, и хуманост кога е најпотребно. Кога го цениш човекот и општеството во кое живееш, тоа ти се враќа со доверба".

Се оженил, на 22 години, и заедно со сопругата, за која вели дека му била најголема потпора во дуќаните, израснале три деца. „Денес сме богати луѓе со 7 внуци. Горд сум што двајца од моите синови го продолжија мојот пат и се успешни угостители. Третиот син избра поинаков, но подеднакво вреден пат – тој е доктор по историски науки. Внуците, иако се фокусирани на образованието, веќе го познаваат занаетот. Тоа е моето најголемо наследство. Иако денес индустријата нуди сè и сешто, јас секогаш велам: ако му се посветиш на занаетот со срце, тој ќе ти овозможи достоинствен и комфорен живот, ни рече на крајот од раззговорот овој успешен во секоја смисла човек.

# Во чест и слава на д-р Коста Балабанов (1929-2026)

***Тој е научникот кој ги откри теракотните плочки на Виничко Кале кои го обиколија светот, кој евидентира 18.000 икони во над 1.700 македонски цркви, објави над 200 научни трудови...***



На 6 февруари 2026 година, во 96-та година од животот, почина д-р Коста Балабанов истакнат историчар на уметноста, конзерватор, филмски и телевизиски сценарист и долгогодишен почесен конзул на Јапонија во Македонија. Роден е во Штип на 5 август, 1929 година. Неговото научно и културно дело остави траен белег во македонската култура и историја. Тој објави повеќе од 200 стручни и научни трудови и 24 книги посветени на средновековната уметност, а во текот на својата кариера евидентирал над 18.000 икони во повеќе од 1.700 цркви и манастири, посетувајќи над 1.340 населени места во Македонија.

Покрај својот значаен придонес во областа на уметноста и конзервацијата, Балабанов активно учествуваше во граѓанската иницијатива за формирање на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Уште во почетокот на 21 век тој играше клучна улога во промовирањето на идејата за отворање на универзитет во Источна Македонија, вклучувајќи јавни презентации и активности кои ја афирмираа важноста на високото образование во регионот.

Балабанов работеше и на меѓународни проекти. Од 1994 година беше првиот почесен генерален конзул на Јапонија во Македонија и директор на Јапонскиот информативен центар во Скопје. Неговата соработка со „Вардар филм" и МРТВ резултираше со 32 документарни филмови, често синхронизирани на странски јазици, кои ги промовираа археологијата и средновековната уметност на територијата на Македонија.

Придонесот на Коста Балабанов за науката, уметноста и високото образование останува значаен дел од наследството на Универзитетот „Гоце Делчев", како и симбол на неговата посветеност за развој на образованието и културната свест во Источна Македонија.

Тешко е само да се наброји што сè направил Коста Балабанов за афирмација и заштита на средновековното, но и подоцнежното историско културно наследство на Македонија. Најголемата светска сензација д-р Балабанов ја постигна со откривањето на теракотните ранохристијански глинени плочки од пети и шести век од Виничко Кале кои беа прво оспорени од некои научници како сомнителни, алудирајќи на фалсификати, најмногу поради својата неверојатна извонредна сочуваност. Балабанов успеа со својата упорност и научна работа да ја докаже оригиналноста на винички теракотни плочки со извонредни мотиви, кои го обиколија светот со изложби во Рим, Париз, Москва, Токио, Мадрид… тој успеа не само на научниот свет, туку и на обичните луѓе во светските културни центри да им овозможи иконите од Македонија да

***Најголемата светска сензација д-р Коста Балабанов ја постигна со откривањето на теракотните ранохристијански глинени плочки од 5 и 6 век на Виничко Кале кои плочки го обиколија светот изложувани во најгоемите музеи во Москва, Рим, Париз, Токио, Мадрид...***

бидат препознаени подеднакво како тие од Синај и од Русија.

Како директор на Заводот за заштита на спомениции со своите соработници постигна голем успех со стручната заштита од пропаѓање на фрескоживописите во многу средновековни цркви.

Д-р Балабанов и како универзитетски професор и експерт со своите предавања на светските универзитети Кембриџ и Оксфорд, поканет како професор гостин ја афирмираше македонската култура, докажувајќи дека во некои области не заостанува зад европската. Како општественик и почесен јапонски конзул во Македонија обезбеди милионски вредни донации во разни дејности, особено во здравството, посебно во Клиничката болница-Штип.

# Совети за тоа како убаво да ја уредите својата градина



**Пишува:**
**Игно Иванов, дипл.шумарски инжернер**

Февруари е зимски месец, природата полека се буди иако температурите сеуште се ниски. Време е да ги превземеме првите чекори за средување на нашата градина. Но, кои се работите кои треба да се сработата? Па ајде да почнеме по ред.

**Тревник**

Прво треба да го погледнеме нашиот тревник. Треба да го исчистиме од насобраните лисја останати после долгата зима, а тоа го вршиме со гребла и на специјални алатки за собирање на лисјата. Потоа ја проверуваме здравствената состојба на тревникот така што ги гледаме врвовите на ливчињата од тревата па ако се жолти тоа е знак дека имаат мало оштетување од ниските температури. Потребно е да се направи фертилизација, односно да се исчистат сите суви остатоци во тревникот. Тоа го правиме со помош на специјални машинки, а ако нив ги немаме тогаш со гребула со енергично гребење.со цел повеќе да го исчистиме тревникот.

По оваа операција правиме оценка да ли треба да се направи дупчење, односно да се направи аерација на тревникот. Ова е потребно поради тоа што кај постарите тревници доаѓа до загушување на кореновиот систем со што изумира квалитетната трева. Ако немаме специјални машини за ова работа тогаш процесот го правиме со даски на кои сме заковале долги шајки на одредено растојание кои даски ги натискаме вцрз травникот со што правиме мали дупчиња и со тоа на кореновиот систем му дозволуваме да прими повеќе кислород. Исто така согледуваме да ли има некои габични оштетувања кои се познаваат по кафеавата нијанса на самиот тревник. Овие работи се третираат со фунгицид кој го купуваме од земјоделска аптека, а на местата на кои се јавуваат поголеми кругови без трева потребно е да направиме потсејување кое го правиме така што со гребла ја чистиме површината фрламе семе и тенко го покриваме со земја или песок.

Откако сме ги завршиле овие работи потребно е да го нахраниме тревникот за што постојат специјални ѓубрива за тревник кои ги содржат сите потребни микроелементи, а кои ѓубрива можат да се набават во земјоделските аптеки. Ако пак овие ѓубрива ви се скапи можете да земете NPK 15x15x15 или пак 16x16x16 како ќе најдете во аптеките. Ги препорачувам овие затоа што даваат задоволителни резултати, а од друга страна оштетувањата на тревникот со нив се минимални. Расфрлањето на ѓубрето е вештина, ако не умеете може да повиката некого кој знае како се прави тоа. Ако пак одлучете тоа сами да го правите мој совет ви е никогаш да не фрлате ѓубриво на влажна трева или после наводнување кое треба да е обилно зашто е неопходно тревата да е сува, односно да се фрла ѓубриво после 2-3 дена од наводнувањето и тоа во попладневните часови. За убав тревник потребни се три работи: наводнување, косење, прихрана.

**Пролетно цвеќе**

Втората работа е подготовка на површината за пролетно цвеќе. Ако не сме ги посадиле двегодишните видови кои по правило се садат некаде во октомври месец се со цел на пролет да бидат во добра кондиција, време е сега да го направиме тоа со видови кои што рано на пролет цветаат, а за кои верувам дека можат да се најдат кај трговците. Тоа се видови како што се **Виола, Ѕвездичка или Белисперенис, Јаглика или Примула**. Видови на цвеќиња кои од рана пролет ја разубавуваат нашата градина и кои ќе цветаат се до доцна пролет додека сонцето не стане многу силно, а температурите доста високи. Од друга страна овие видови се отпорни на доцните мразеви и слани за кратко стагнираат и продолжуваат со нивниот свет. Тука не смеем да ги заборавиме луковиците како што се **зумбулите, нарцисите, лалињата** кои ќе цетаат оваа пролет, а потребно е да се исчисти просторот околу нив, да се тргне листинецот и тие полесно да допрат до сончевите зраци. Да не ги заборавиме ниту **розите** доколку ги имате во вашата градина ако не сте ги искроиле во касната есен сега е тој момент. Имаме три врсти на рози, а тоа се рози стебла, џбунести рози и ползавци. Сите тие различно се кројат и потребни се умешност и знаење за нивно кроење.

Она кое јас сакам да ви го кажам преку весникот е тоа да кај розите стебла ја формирате крошната во форма на топка. Розите грмушки ги кроиме така што ги отстрануваме сите водопии и гранки кои ја одземаат силата на коренот, а тие нема да цветаат и сите и оние леторасти кои што се под калемот. Кај розите ползавци даваме правец на протегање на гранките водилки и бочните ги кратиме за едно 15 сантиметри.

**Жива ограда**

До колку имаме жива ограда потребно е таа да се поткастри, да и се даде облик и форма. висина и да се отстранат сите оштетени делови. Кај живата ограда зафатите кои ќе ги превземеме зависат од видот кој го





имаме. Во нашиот град често како жива ограда можат да се сретнат аризонскиот чемпрес, фотинијата, леиландот, пироканта, ловорвисната, класичната жива ограда (калина) , може да биде и рузмарин. тисата, сето тоа во зависност од условите и нивната цел таму каде се подигаат. Исто така кај живата ограда треба да направиме потхранување со некое минерално или пак шталско ѓубриво.



Сега е и период кога во нашата градина ги подготвуваме површините на кои ќе дојдат другите цветници како замена на овие што цветаат рано на пролет. Во трговијата уште рано во месец март ни доаѓаат овие цвеќиња но треба да бидеме претпазливи поради касните мразеви и слани. Со нив треба внимателно се до стабилизирање на температурите. Изборот кои видови ќе ги садиме зависи од тоа што сакаме да имаме во нашата градина. Има видови кои сакаат повеќе сонце, а некои повеќе засенчени места. Мој предлог за сончеви места се **tagetis erecta** со крупни цветови портокалови и жолти обичниот **tagfetis** во најразлични нијанси**, begonija seperflorens** (бонбонче) многу благодарна билка петунија во многу бои и нијанси со крупни и со ситни цветови.



**surfinija** со ситни цветови висечка варијанта;

**Vinka** многу отпорна на сонце со бели, розе и црвени цветови;

**Impatiens**, вид кој сака сенка, а го има во различни бои;

Од видови кои сакаат сенка се **nova gvinea**-нов вид кој поголемиот дел од денот сака да го имне во сенка и кој го има во различни бои



Секако, ова се само некои работи кои можеме да ги превземеме во овој период од годината. Има уште видови цвеќиња, но јас спомнав само некои, оние кои најмногу ги има на пазарот кај нас и со тоа можат полесно да се набават.




ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ
ФЛИПС


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Luxy
Donna

# Студентите имаат сила да создаваат култура но...



***Пишува:***
***Милорад Ангелов***

Кога зборуваме за студентите, често мислиме на учење, испити и академски успех. Но студентските години се многу повеќе од тоа. Тоа е период во кој се формира нашиот карактер, нашиот став кон светот и нашата одговорност како идни професионалци и граѓани. Токму затоа културата има особено важна улога во животот на секој студент. А Штип е, не ли, и универзитетски, а со тоа и град на студентите.

Културата не значи само театар, музика или книги. Културата е начинот на кој размислуваме, комуницираме и го разбираме општеството околу нас. Таа



ни помага да развиеме критичко размислување, да ги разбираме различните перспективи и да се запознаеме со светот надвор од нашата студиска група или нашата земја. Студентите кои активно учествуваат во културни настани стануваат поотворени, покреативни и поспособни да создаваат нови идеи.

Но денешното време носи и предизвици. Многумина од нас немаат доволно време, други се соочуваат со финансиски ограничувања, а дел од студентската култура се префрли на дигиталната сфера — брза, достапна, но често површна. Токму затоа е важна нашата лична одлука: дали ќе дозволиме културата да ни помине покрај нас или ќе ја вклучиме во секојдневието?

Верувам дека студентите имаат сила да создаваат култура, а не само да ја консумираат. Нашите идеи, нашите иницијативи и нашата енергија можат да го збогатат универзитетскиот живот и да придонесат за поотворено, побогато и похумано општество. Но мора да признаеме: и покрај оваа улога, денес се соочуваме со реални предизвици. Првиот е недостатокот на време. Современиот студент е под притисок — задолжителни предмети, работа, волонтирање, испити што се редат еден по друг. Вториот е финансискиот проблем — културните настани често имаат цена што многумина не можат да ја дозволат. И токму тука мис-

***Да не заборавиме: културата не е луксуз. Таа е потреба. Таа е начин да растеме — како личности и како заедница. Да ја гледаме како можност да станеме подобри, покреативни, поосетливи и поодговорни луѓе.***

лам дека можеме да излезе во пресрет и да ја искристиме можноста за студенстки попуст кој треба да се користи и да биде овозможен од страна на нашите институци од областа на културата.

Да не заборавиме: културата не е луксуз. Таа е потреба. Таа е начин да растеме — како личности и како заедница. Да ја гледаме како можност —

***Верувам дека студентите имаат сила да создаваат култура, а не само да ја консумираат. Нашите идеи, нашите иницијативи и нашата енергија можат да го збогатат универзитетскиот живот и да придонесат за поотворено, побогато и похумано општество.***

можност да станеме подобри, покреативни, поосетливи и поодговорни луѓе. Универзитетот ни нуди огромен број начини да се развиваме културно. На нас останува само едно: да ја отвориме вратата и да направиме чекор.

Културата е нашата шанса да ја разбереме реалноста, но и да ја прекроиме. Таа е нашата сила да изградиме општество кое ќе биде попаметно, попрогресивно и похумано.



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ,
писател

# Е НЕМА ТАКВО ЖИВОТНО

Во едно интервју, за мене непознат интелектуалец, говори за менталитетот на Бугаринот. За да биде појасен се служи со анегдота: Бугаринот во странство посетил зоолошка градина. Во неа видел животно како што дотогаш немал можности да види. Видел жирафа. Животно со толку долга шија, за него би- ло нешто невозможно. На заминување од зоолошката градина самиот на себе си рекол.„ Е, нема такво животно.“

◆ ◆ ◆ ◆

Не е тешко преку анегдотата да се дојде до заклучок: Бугаринот го гледа само она што сака да го види, односно, она што му е по мерка, што не му е подалку од носот. Со тоа гради менталитет кој го остава да биде слеп при очи. Да гледа, а да не може да види, поготово, да не може да го види она што е видливо за цел нормален свет. Со таков менталитет на Бугаринот не му останува ништо друго освен да ѕида пркос. Му пркоси на се‘ она што го прави невиден и неразбран. Ја извртува стварноста, па, прв паѓа во изврteното и не признава дека самиот се преварил. Мокри наспроти ветрот, гледа дека панталоните му се жива вода и вели: „Не, тоа не може да биде. Не сум јас помочан, тоа се солзите на ветрот!“ Или како во романот „Бај Гањо“на Алеко Констатинов. Патува Бај Гањо во воз. Наспроти него во купето седи човек со полна кошница круши. Бај Гањо не признава дека е гладен, дека умира душа да наслади со круша. Наместо учтиво да побара, самиот брка во корпата и си зема. На зачудениот сопатник му вели: Имаш булук круши треба некоја да подадеш.

◆ ◆ ◆ ◆

Во сатиричната приказна со наслов **Подробности на пејзажот,** авторот Станисалв Стратиев пишува: „Кој што сака да стигне до селцето на Паскал, мора да измине пат од градчето до него.

Патот се вие како змија.

Никому не му е јасно зошто.

Нема планина, ниту карпи кои би можеле да му пречат.

Никој не знае зошто се вие.

Сите велат: „Така е од памтивека.“

А зошто од памтивека, и тоа никој не го знае.

„Така е од памтивека, служи како универзално оправдување за се‘ она што не се знае, или не може да се објасни.“

◆ ◆ ◆ ◆

Така од помтивека, Бугаринот чита на македноски, а кога не ќе може да разбере ниту зборче, ниту ретче, вели дека не постои македонски јазик.

Бугарскиот менталитет се огледа и во сатиричниот расказ на Стратиев, „ Паскал како течност“. Во него жената на Паскал му вели:

-Откако те помнам Паскале, секогаш ја заземаш формата на она во кое живееш.

Паскал-Пуста навика...

Жената-Ако те налеат во лонче, лонче ќе си... Ако те налеат во леген, леген ќе си...ако те налеат во чашче за ракија, чашче ќе си...

Паскал-Човек, на се‘ свикнува...

Жената- Се прашувам ако истовремено те налеат во три форми, што ќе стане со тебе?

◆ ◆ ◆ ◆

Оцртувајќи го менталитетот на Бугаринот, гледам дека од неговиот, пострашен за нас Македонците, е менталитетот на Македонецот. Не оти е полош, туку оти не се разликува од оној на Бугаринот. И за Македонецот не постои она што не може да го види. Се‘ доаѓа од памтивека. И Македонецот е како течност. Во какво лонче ќе го стават партиите на власт, соседите, Европа, таква форма ќе заземе. Лесно се адаптира на зимата после летото, како и на Северот после Југот.





**Пишува:**
**Роберт Аџипетров**

# Што носи септември? Каква учебна 2026/27 да очекуваме?

Секоја календарска година со себе го носи крајот на една учебна и почетокот на следната. Секој јуни и јули ги имаме истите прашања: колку првачиња ќе се запишат? Колку го ученици го завршуваат основното орбазование и кој е нивиот избор? Има ли учебници? Дали новата учебна година ќе ја дочекаме подготвени? Желбата секогаш е иста: да сме чекор понапред од тоа што сме биле, а целта јасна Македонија да е подобро место и нашите деца да имаат добра иднина.

Што реално може да очекуваме од учебната 2026/27 година на речиси половина година пред нејзиниот почеток? На прв поглед, може да изгледа дека е рано за ваква дебата, но во пракса ако навистина сакаме да кажеме дека сме подготвени, тогаш клучните активности треба да ги започнеме денес. Образованието не се организира во август, август само ги „гаси пожарите" што некој не ги спречил во март, април и мај. Клучното прашање е од каде да започнеме и како најдобро да се подготвиме? Одговорот ќе го поделиме на два дела и тоа основно и средно образование.

Во основното образование имаме релативно стабилна состојба: околу 400 првачиња годишно распределени во петте основни училишта. На хартија, тоа делува управливо, но во реалност е и тоа како сериозен притисок врз системот. Предизвикот е поради потребата за формирање на 22–23 паралелки, за што согласно закон бара минимален број од 440–460 ученици под претпоставка да постои перфектна. Со други зборови, бројките јасно упатуваат на тоа дека и во 2026/27 ќе има потреба од паралелки со помал број ученици, пракса која стана традиција. Ова го носи првиот предизвик изразен во јасениот став на министерството дека ваква согласност ќе нема, односно средствата мора рационално да се користат, а ресурсите да се оптимизираат. За жал недоволниот број на деца, во вакво сценарио, се само почеток на приказната. Впрочем 2026 е прва година во која ќе се применува нов метод за пресметка на блок-дотациите, каде согласно дефинирана формула бројот на ученици ќе има уште поголема тежина. Тоа, во превод: **помал број ученици = помалку средства.** Дополнително доколку на се ова се додаде фактот дека општината нема законска можност да го „покрие" недостигот со сопствени средства, ризикот за сериозно нарушување на системот вака како што во моментот е поставен станува реален. Трет важен елемент во основното образование е и потребата конечно да се надмине проблемот со сегрегација во едно од училиштата. Тоа значи формирање мешани паралелки, реално почитување на реонизацијата и јасен став дека образованието треба да гради заедништво – не паралелни светови.

Во средното образование, 2026 година ќе биде втора година откако „Коле Нехтенин" од општинска премина во државна сопственост, но истовремено прва година во која Штип нема да добие средства за ова училиште. Ова директно ќе го намали фондот на средства со кој општината ќе располага во година кога ќе биде исклучително важно да се инвестира за да се задржи атрактивноста на медицинското училиште, се преземат активности за враќање на репутацијата на Штипската гимназија, како и за зајакнување на текстилното училиште, кое со години бара нова визија и

**Штип е центарот на образованието на истокот, титула која не треба само да се задржи, туку да се надгради. Успех не се постигнува со импровизација во последен момент, туку со планирање, дисциплина и одлуки донесени навреме. Поради ова е потребно сите заедно да бидеме одговорни денес и да започнеме со сериозна работа, пред да стане доцна да се делува.**

модернизација за да остане конкурентно. Во делот на блок дотациите и овде го имаме истото правило и формула каде клучна улога има бројот на запишани ученици. Ако бројките паднат, состојбата во 2027 ќе биде уште потешка, затоа што тогаш токму тие ученици ќе ја „креираат" сумата што ќе се добие.

Имајќи ги во предвид овие елементи, сосема е јасно зошто на темата мора да се работи веднаш и зошто септември 2026 може да биде поразличен од претходните почетоци на учебни години. Штип е центарот на образованието на истокот, титула која не треба само да се задржи, туку да се надгради. Успех не се постигнува со импровизација во последен момент, туку со планирање, дисциплина и одлуки донесени навреме. Поради ова е потребно сите заедно да бидеме одговорни денес и да започнеме со сериозна работа, пред да стане доцна да се делува.

**(Авторот е директор на Педагошка служба Министерство за образование и наука)**

# Инспирацијата за пишување е самиот живот

Ирена Постолова, родена штипјанка, во основното образование прогласена за ученик на генерацијата, во родниот град завршила гимназиско образование, за потоа да се стекне со диплома на Факултетот за информатика во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“. Во моментот е магистрант на Електротехнички факултет и работи како професор во средно училиште. Свири пијано, пишува поезија и ужива во миговите и љубовта со своето семејство и двете дечиња.



**Постолова, кажете ни нешто за Вашето детство. Што како дете сонувавте да бидете во животот?**

-Детството на мојата генерација е многу поразлично од детството на овие генерации. Знаевме за игра, смеа, песна, дружба. Без телефони и интернет. Јас негував уметност и пишував, а и свирев пијано. Сонував да бидам учителка или докторка. Првото се оствари.

**Какви беа Вашите книжевни почетоци? Кога и како настана Вашата љубов кон пишувањето? Дали од секогаш сте сакале да бидете писател?**

-Пишувам уште од рано детство. И сè уште ги чувам во оригинали тие мои песнички и текстови. Како ми доаѓаа мисли така запишував на хартија. Често учествував на литературни конкурси и читања. Убаво е да се искажеш, да ти олесни, да си го отвориш срцето преку пишан збор.

**Кога го напишавте првото литературно дело, а кога ја објавивте првата книга?**

Првото литературно дело ми е детска песничка кога бев прваче. Првата книга „Апотеоза на болот“ ја објавив 2013 година, како студент, истата ја посветив на мојот починат брат.

**Во што наоѓате инспирација кога пишувате? Како се одвива вашиот процес на пишување и творење? Што е потешко за писателот, да го напише почетокот на книгата или крајот?**

Инспирацијата е животот, некој убав или тежок ден, некоја среќа или тага, љубовта, блиските, сè што е околу мене. Инаку ништо не е тешко кога мислата тече, како некој да ти ги диктира зборовите, како некој да ти кажува како да почнеш и завршиш. Тоа е така кога имаш инспирација, мислата не запира.

**Како би ја дефинирала денешната македонска книжевност?**

Македонската книжевност од секогаш била богата. И денес има што да се чита и да се научи од многу наши истакнати писатели. Книжевноста е силна, таа ни е единственото нешто кое не може да се запре и спречи. Таа индиректно ги кажува најголемите вистини и ги критикува најголемите неправди.

**Како ја гледате улогата на НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип во поддршката на авторите и литературната сцена? Во Вашата работа како писател, дали сте имале можност за соработка со нашата библиотека, и што најмногу Ви оставило впечаток?**

Нашата библиотека е секогаш отворена за соработка и поддршка на авторите. Таму ја имав промоцијата на мојата втора книга. Преблагодарна сум за организацијата, достапноста и поддршката од сите вработени. Без двоумење, библиотеката е вистинското место за промоција на книга.

**Кога ќе погледнете зад Вас, што сфативте дека е најважно во животот, дали е тоа можеби љубов, здравје или нешто сосема трето?**

Во животот мора да имаме здравје, да си го чуваме како наша најголема вредност, а без љубов не се живее. Не знам што би правел човек сам, без сакани. Љубовта те одржува во живот и кога не можеш да станеш од кревет. Таа нè инспирира сите нас, заради неа се пишува, се плаче, се радува, се тагува. Љубовта е сè!

**Врз основа на Вашето животно и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

-Би им порачала да не се откажуваат од пишување, да си ја следат мислата, да пишуваат секогаш кога имаат инспирација. И еден ден да имаат храброст тоа да го објават и да остане засекогаш како печат од нивното време.

**Пишуваат:**
**Тодор Џидров, библиотекар**
**и Јована Рилак, виш библиотекар**

# Поезијата на Методи Бојаџиски како обид да се пронајде човечкото во себе

**Февруари месец ни донесе спектакуларна промоција на исто таква поезија од нашиот сограѓанин Методи Бојаџиски**



Постолова, Кацаров, Бојаџиски (седи)

Во текот на месец февруари имавме можност да проследиме една од најспектакуларните промоции на книга/поезија „Отуѓеност" од нашиот сограѓанин Методи Бојаџиски. Ретко за вакви настани се користи зборот „спектакуларен", но за овој настан нема некој друг посоодветен израз. Методи Бојаџиски (1974) основно и средно образование завршува во родниот му Штип, дипломира на Правниот факултет при УКИМ-Скопје. Образованието го продолжува во САД на АПУ (Американ публик универзитет) каде магистрира на меѓународна политика и меѓународни конфликти.

А имено.

Промоцијата се одржа во уметничката „Галерија 22" во Домот на култура „Ацо Шопов", а она кое



Бројна публика на настанот



Од промоцијата

целиот настан го направи да биде културен спектакал е бројноста на публиката која присуствуваше на промоцијата, бројност каква што на настан од културата (поезијата) не сме виделе последниве петнаесеттина години. На овој факт се надоврзува и извонредно осмислената програма со клавирска изведба на класична музика, одлична водителка Искра Постолова, потоа Евгенија Донева и Тања Симоновска кои читаа песни од поетското дело на Бојаџиски, изложбата на слики на штипската уметничка Тања Митева и над се инспиративната критика на писателот м-р Трајче Кацаров.

„Во поезијата на Бојаџиски не гледам ништо друго освен обид да се пронајде човекот во себе, да ја победи отуѓеноста од себе си. Не сепството да го прави шовинист, фашист, туку емпатичен, подготвен за соживот, за живот како што му доликува на човекот. Тивко, ненаметливо, полека низ зборови што ги вади најтивките слоеви од него, Бојаџиски испраќа пораки не до Господа, туку до неговиот изрод-човекот уништувач на духовните добра", рече, меѓу другото Кацаров за поетското дело на Методи Бојаџиски и додаде:-

-Бојаџиски пишува за да биде сфатен, за да може некому со зборови, тивко, што би се рекло на увце, да му го пренесе личното искуство стекнатот како слободен патник по животните друмови... А ако се сложуваме со тоа дека поезијата е врв на мислата, тогаш ќе кажам, а можам и да заклучам, на Бојаџиски не треба да гледаме како на поет, туку, пред се, како на мислител-заклучи Кацаров.

Во неколку фотографии ја доловуваме атмосферата од преубавиот културен настан.

# Емил Павлов ја заврши спортската кариера, каратето му беше начин на живот

Истакнатиот штипски и македонски спортист (карате) Емил Павлов ја заврши својата пребогата и исклучително успешна спортска кариера. Двократниот европски шампион, освојувач на сребрен медал на светско првенство во 2021 година Павлов ќе продолжи да работи како фитнес тренер.

-Каратето стана мој спортски избор пред повеќе од две децении. Овој спорт беше огромен дел од мојот животен пат исполнет со многу труд, дисциплина и гордост. Посебно сакам да потенцирам дека во текот на кариерата освоив бројни медали и признанија на домашни, балкански и европски натпреварувања, меѓу кои најмногу ги издвојувам европските титули во 2014 и 2018 година и светското сребро 2021 година, изјави Павлов за Штипски Глас

Вели дека е задоволен од тоа што го постигнал сметајќи дека оставил силен белег во спортот, што, секако, е неспорно.




***Павлов со дел од признанијата***

Неговата спортска приказна започнува уште како дете, кога првпат стапнува во сала за карате. Љубовта кон спортот му ја всадуваат неговите тренери и клубот во кој почнал да тренира. Емил вели дека од првиот ден знаел дека карате нема да биде само хоби, туку начин на живот.

-Најголема благодарност им должам на моите тренери, Карате клуб Штип, Карате федерацијата, како и на сите што беа дел од мојот спортски пат. Посебна благодарност до моето семејство — тие беа мојата најголема поддршка во сите победи и предизвици. Лично мене ми се најмили европските титули, особено моментите кога се пееше македонската химна во моја чест — тоа е чувство што не се опишува. Секако, имало и порази што болеле, но токму тие ме изградија како спортист и како личност, укажува Емил Павлов.




***Емил Павлов***

Тој е убеден дека со својата посветеност и остварените резултати мотивирал многу млади да започнат да се бават со спорт. Појаснува дека тоа му е особено драго, затоа шт, според него, вистинската вредност на успехот е кога ќе инспирираш некого да тргне по здрав и спортски пат.

> ***Две титули европски првак, светски вицепрвак, бројни балкански и државни титули, за две децении Емил Павлов оствари спортска кариера од соништата.***

Емил денес е целосно посветен на неговиот фитнес центар PowerFit by Emil Pavlov во Штип. Таму работи со млади и возрасни, спроведува функционални, хибрид и кондициски тренинзи. Целта му е да создаде здрава и силна заедница, а сака во иднина да го пренесе своето искуство и знаење на младите генерации.

-Моментално сум фитнес тренер и сопственик на PowerFit. Работам секојдневно со клиенти, спортисти и рекреативци, помагајќи им да ги подобрат своите перформанси и здравје. Ова е моето ново поглавје по професионалното карате, информира Павлов и укажува дека е многу задоволен што неговите резултати од значење за државата биле препознаени што резултирало со добивање на националното спортско признание односно спортска пензија.

-За ова сакам да се заблагодарам на Министерството за спорт и на државата, вели Емил Павлов, спортистот кој ги одбележа последните две децении со своите спортски успеси со кои го прослави нашиот Штип но и нашата Македонија.

**Млад маж во парк вози количка со бебе во неа. Бебето постојано плаче, а мажот не престанува да зборува:**
**-Стрпи се Боби, не се секирај Боби, чувај си ги нервите Боби.**
**Еден човек му вели: што му зборуваш на детето, па тоа е само бебе и ништо не те разбира.**
**-А бре човеку Боби не е бебето, Боби сум јас, рекол младиот маж и продолжил по патот.**

**На првиот брачен ден младите се дговориле секој да има по една свое грне и во него да става по едно зрно грав ако го изневери партнерот, па на 50 годишнината од бракот да ги отворат грнињата и да видат да ли некој и колку пати го изневерил партнерот.**
**Дошол и тој ден па мажот и жената седнале да ги отворат грнињата. Прв отворал мажот и од грнето излегле две зрна. –Мажу мој, значи двапати си ме изневерил во овие 5о години. Па и не е тоа многу, коментирала жената.**
**Потоа сопругата го отвора грнето, а од него не излегло ниту едно зрно грав.**
**-Браво ма жено, ти ниту еднаш не си ме изневерила.**
**-Да бе мажу, а од кој грав јадеше секој петок!- рекла жената.**

**Полицаец влегува во библиотека, а библиотекарот цинично му вели:**
**-Значи надвор почнало да врне!**

**Трпана му вели на Трпе:**
**-Трпе мој, морав да изедам три тави ориз со копани пред да го земам лекот.**
**-А каков лек земаш Трпано, прашал Трпе.**
**-Капки за очи, рекла Трпана.**

**Трпе ја прашува Трпана:**
**-Трпано, кога ќе умрам да ли ќе заплачеш по мене:**
**-Секако Трпе, ти барем знаеш дека јас за секоја ситница плачам!**

**Трпано, ќе ми дадеш ли?**
**-Де бе Трпе колку си ти интелигентен, со два збора успеваш да ме убедиш!**

**Трпе се јавува во полиција:**
**-Да ве прашам, да ли вие ги прислушкувате луѓето?**
**-Прислушкуваме, секако дека да, рекол полицаецот.**
**-Добро тогаш кажете ми освен леб и млеко што беше третото кое Трпана ми рече да го купам...**






# ТР-МР




**Размислува: Iv. BOJ**

Се ближат избори. Пругата кон Бугарија мора експресно да се гради.
За на време да пристигне „Бугарскиот воз“.

........................................................................

Најскапи во Скопје се становите со поглед на Вардар.
Баш убав поглед. Од балкон ќе го видиш целото ѓубре на Македонија во водите на најголемата река во државата.

........................................................................

На социјалните мрежи државата најмногу ја сакаат тие што по цел ден ништо не работат.

........................................................................

Нема рудници, нема топилници, нема асфалтни бази
Народот ќе живее од воздух кој секој ден му го прочистува една Лилјана...

........................................................................

Стариот пат од Штип до Кочани нема име. Предлагам да го крстиме „8 Март“.
Кај него се е дупка до дупка.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3 | | 4 | | |
| | | 5 | 6 | | 3 |
| | | | 1 | | |
| | 1 | | 3 | | 5 |
| | 6 | 4 | | 3 | 1 |
| | | 1 | | 4 | 6 |




## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април, 2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 27.02.2026 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .

| Ш.Г. | Госпоѓа (тур.) | Индиго билка | Загари | Болно преценување на самиот себе | Вид краток мач | Композ. за девет гласа | Спев | Пејачката Бренин-генерал | Филм со Мадона | Кошарк. сојуз на Македон. (скр.) | Збир на анатомски елементи | Кивавица (мед.) | Ампер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Артистка на фотосот*** | | | | | | | | | | | | | |
| Наш поет | | | | | | | | | | | | | Почнување нешто поткинување |
| Старо грчки филозоф | | | | | | | Град во Италија / Тантал | | | | | | |
| Ориентална слатка | | | | | Држава (фр.) / Ангстрем | | | | | Герм. физичар Макс / Наш пејач | | | |
| Азот | | Мираз приќе (лат) / Дел од трамвај | | | | | | Итал. градител на виолин. Николо | | | | | |
| Коњ | | | Кислород / Египет. фараон | |  | | | | Прва буква | | Иван Цанкар / Хирурш. интервенц. | | |
| Ш.Г. | Стар град на Дунав / Португ. фуд.клуб | | | | | | | | Екс Итал. фудбалер Паоло | | | | |
| Девојка | | | | | | | | | Иво Патиера | | | Јод / Муслим. женско име | |
| Пејачот Славица | | | | | | | | | Езеро во Шпанија | | | | |
| Повреди | | | | | | | | | Старогрчки диктатич. поет | | | | |
| Италија | | Елизабета Јосифовска / Автомоб. Фитипалди | | | | | | | Град во Кенија | | | | |
| Предмет на расправа | | | | | Малајски отров за стрели | Домашно говедо | Ш.Г. | Екс Амер. ганстер Ал | Наш рево. Мирче / Вид експлозив | | | | |
| Назив | | | | Креатор Сен Лоран / Спротивставување | | | Пустинско животно / Сател. на Јупитер | | | | | | |
| Античка област во Азија | | | | | | | | | | | | | Падеж во Угро-финските јазици |
| Стара франц. пара | | | Роман од С. Попов / Турски големец | | | | | | | | | Шпанија / Зимски спорт | |
| Ш.Г. | Рачка на нож или сабја / Галиум | | | | Унгар. политичар Милтон / Иван Точко | | | | | | Исти букви / Сплит | | |
| Наш писател | | | | | | | | | | | | | |
| Жител на Потисје | | | | | | | Апсолутен суперлатив | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ
*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22
www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA